**Централна кооперативна банка АД Скопје**

**Финансиски извештаи**
**за годината што завршува**
**на 31 декември 2016 и**
**Извештај на независните ревизори**

**СОДРЖИНА**


| | Страница |
|---|---|
| Извештај на независните ревизори | 1 – 2 |
| Биланс на успех | 3 |
| Извештај за сеопфатна добивка | 4 |
| Биланс на состојба | 5 |
| Извештај за промените во капиталот и резервите | 6 - 9 |
| Извештај за паричниот тек | 10 - 11 |
| Белешки кон финансиските извештаи | 12 - 127 |
| Прилог 1 – Годишен извештај | |
| Прилог 2 – Годишна сметка | |

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА**
**Централна кооперативна банка АД Скопје**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 127) на Централна кооперативна банка АД Скопје (во понатамошниот текст „Банката“), кои се состојат од извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2016 година и извештај за сеопфатна добивка, извештај за промените во главнината и извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за трговски друштва и регулативата на Народна Банка на Република Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Банката со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои се соодветни на околностите, но не и со цел изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Банката. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Централна кооперативна банка АД Скопје на ден 31 декември 2016 година, како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува, во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија и регулативата на Народна Банка на Република Македонија.

(продолжува)

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**ДО СОПСТВЕНИЦИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА**
**Централна кооперативна банка АД Скопје (продолжение)**

*Обрнување на внимание*

Обрнуваме внимание на фактот дека Банката пресметува резервација за исправка на вредност на индивидуална основа на сите кредити и побарувања од кредитното портфолио, во согласност со Одлуката за управување со кредитниот ризик, донесена од страна на Народна Банка на Република Македонија. Банката ги процени вкупните резервации за загуби на индивидуална основа за сите кредитни изложености, врз основа на нивната севкупна финансиската состојба, уредноста во измирувањето на обврските и надоместивата вредност на обезбедувањето. Наплатливоста преку обезбедувањето, кое се користи во проценка на резервацијата е предмет на значајни промени на условите на пазарот во Република Македонија и неговиот понатамошен развој е неизвесен. Овие околности можат да влијаат на наплатливоста преку обезбедувањето, а со тоа и на износот на резервацијата за загуби од обезвреднување, признаена на 31 декември 2016.

Нашето мислење не е модификувано во однос на ова прашање.

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Банката е одговорно за подготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и на годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи), во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството и кои Банката е во обврска да ги поднесе во Централниот регистар на Република Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиските извештаи на Банката. Ние ги спроведовме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и со приложените ревидирани финансиски извештаи на Банката за годината што завршува на 31 декември 2016 година.

Делоит ДОО Скопје

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

Александар Аризанов
Овластен ревизор

Скопје, 13 април 2017 година

**БИЛАНС НА УСПЕХ**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| Приходи од камата | | 331,841 | 329,470 |
| Расходи за камата | | (99,106) | (109,847) |
| **Нето-приходи/(расходи) од камата** | 6 | **232,735** | **219,623** |
| Приходи од провизии и надомести | | 126,722 | 97,243 |
| Расходи за провизии и надомести | | (31,366) | (27,446) |
| **Нето-приходи/(расходи) од провизии и надомести** | 7 | **95,356** | **69,797** |
| Нето-приходи од тргување | 8 | - | - |
| Нето-приходи од други финансиски инструменти евидентирани по објективна вредност | 9 | - | - |
| Нето-приходи/(расходи) од курсни разлики | 10 | 8,852 | 7,046 |
| Останати приходи од дејноста | 11 | 25,798 | 15,289 |
| Удел во добивката на придружените друштва | 24 | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа | 12 | (21,903) | (4,497) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа | 13 | (7,189) | (21,143) |
| Трошоци за вработените | 14 | (137,267) | (136,717) |
| Амортизација | 15 | (44,089) | (40,936) |
| Останати расходи од дејноста | 16 | (150,891) | (156,767) |
| Удел во загубата на придружените друштва | 24 | - | - |
| **Добивка/(загуба) пред оданочување** | | **1,402** | **(48,305)** |
| Данок на добивка | 17 | (141) | - |
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,261** | **(48,305)** |
| **Заработка/(загуба) по акција** | 41 | | |
| Основна заработка по акција (во денари) | | 2 | (87) |
| Разводнета заработка по акција (во денари) | | 2 | (87) |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиските извештаи се одобрени за издавање и потпишани од страна на Управниот одбор на Банката на 20 јануари 2017 година и истите се одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 23 јануари 2017 година.

Потпишано во име на Централна кооперативна банка АД Скопје:

| Неделин Валчев, претседател на Управен одбор | Орце Трајковски, член на Управен одбор | Станимир Станчев, член на Управен одбор |
|---|---|---|

**ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Добивка/(загуба) за финансиската година** | | **1,261** | **(48,305)** |
| **Останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех (пред оданочување)** | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за средства расположливи за продажба | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на средствата расположливи за продажба | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од средствата расположливи за продажба, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Ревалоризациска резерва за преземените средства врз основа на ненаплатени побарувања | | - | - |
| - ревалоризациска резерва на датумот на преземање на средството | | - | |
| - намалување на ревалоризациската резерва, рекласификувано во Билансот на успех | | - | (385) |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - нереализирани нето-промени во објективната вредност на инструментите за заштита од ризикот од паричните текови | | - | - |
| - реализирани нето-добивки/(загуби) од инструментите за заштита од ризикот на паричните текови, рекласификувани во Билансот на успех | | - | - |
| Резерва за инструменти за заштита од ризикот од нето-вложување во странско работење | | - | - |
| Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | | - | - |
| Удел во останатите добивки/(загуби) од придружените друштва кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 24 | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | | - | - |
| Данок на добивка од останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | 17 | - | - |
| ***Вкупно останати добивки/(загуби) во периодот кои не се прикажуваат во Билансот на успех*** | | - | (385) |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | | 1,261 | (48,690) |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Неделин Валчев,
претседател на Управен одбор

Орце Трајковски,
член на Управен одбор

Станимир Станчев,
член на Управен одбор

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**
**На 31 декември 2016**
**(во илјади денари)**

| | Белешка | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 18 | 1,887,051 | 1,503,230 |
| Средства за тргување | 19 | - | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 20 | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | 22.1 | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | 22.2 | 5,199,777 | 4,432,748 |
| Вложувања во хартии од вредност | 23 | 515,366 | 1,519,036 |
| Вложувања во придружени друштва | 24 | - | - |
| Побарувања за данок на добивка (тековен) | 30.1 | 1,107 | 1,226 |
| Останати побарувања | 25 | 84,274 | 78,552 |
| Заложени средства | 26 | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 27 | 20,641 | 35,944 |
| Нематеријални средства | 28 | 90,749 | 104,196 |
| Недвижности и опрема | 29 | 615,146 | 461,630 |
| Одложени даночни средства | 30.2 | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно средства** | | **8,414,111** | **8,136,562** |
| **ОБВРСКИ** | | | |
| Обврски за тргување | 32 | - | - |
| Финансиски обврски по објективна вредност преку Билансот на успех определени како такви при почетното признавање | 33 | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | 21 | - | - |
| Депозити на банки | 34.1 | 725,670 | 783,706 |
| Депозити на други комитенти | 34.2 | 6,401,524 | 6,073,941 |
| Издадени должнички хартии од вредност | 35 | - | - |
| Обврски по кредити | 36 | 32,228 | 33,158 |
| Субординирани обврски | 37 | - | - |
| Посебна резерва и резервирања | 38 | 1,447 | 982 |
| Обврски за данок на добивка (тековен) | 30.1 | - | - |
| Одложени даночни обврски | 30.2 | - | - |
| Останати обврски | 39 | 47,066 | 39,860 |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | 31 | - | - |
| **Вкупно обврски** | | **7,207,935** | **6,931,647** |
| **КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | | | |
| Запишан капитал | 40 | 1,397,967 | 1,397,967 |
| Премии од акции | | 524 | 524 |
| Сопствени акции | | - | - |
| Други сопственички инструменти | | - | - |
| Ревалоризациски резерви | 40 | - | - |
| Останати резерви | 40 | 17,827 | 17,827 |
| Задржана добивка/(Акумулирана загуба) | | (210,142) | (211,403) |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **1,206,176** | **1,204,915** |
| **Вкупно обврски и капитал и резерви** | | **8,414,111** | **8,136,562** |
| Потенцијални обврски | 42 | 544,463 | 412,537 |
| Потенцијални средства | 42 | - | - |

Неделин Валчев,
претседател на Управен одбор

Орце Трајковски,
член на Управен одбор

Станимир Станчев,
член на Управен одбор

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ
## за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година
## (во илјади денари)

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерви за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | Расположлива за распределба на акционерите | Ограничена за распределба на акционерите | (Акумулирани загуби) | Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката | Вкупно капитал и резерви |
| **На 31 декември 2014 (претходна година)/ 1 јануари 2015 (претходна година)** | **1,397,967** | **524** | **-** | **-** | **-** | **385** | **-** | **-** | **-** | **15,139** | **-** | **2,688** | **-** | **-** | **(163,098)** | **1,253,605** | **1,253,605** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **(48,305)** | **(48,305)** | **(48,305)** |
| Добивка/(загуба) за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на парични текови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | (385) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **(385)** | **(385)** |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите*** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | (385) | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | - | **(385)** | **(385)** |
| **Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | (385) | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **(48,305)** | **(48,690)** | **(48,690)** |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжение)
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерви за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | Расположлива за распределба на акционерите | Ограничена за распределба на акционерите | (Акумулирани загуби) | Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката | Вкупно капитал и резерви |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Издадени акции во текот на периодот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за законска резерва | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Други промени во капиталот и резервите-останато | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** |
| **На 31 декември 2015** | **1,397,967** | **524** | **-** | **-** | **-** | | **-** | **-** | **-** | **15,139** | **-** | **2,688** | **-** | **-** | **(211,403)** | **1,204,915** | **1,204,915** |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжение)
## за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година
## (во илјади денари)

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопстве-ни акции) | Други сопстве-нички инстру-менти | Ревало-ризациски резерви за средства располо-жливи за продаж-ба | Ревалори-зациска резерва за средства преземени за ненаплате-ни побарува-ња | Резерви за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работе-ње | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонен-та на хибридни финан-сиски инстру-менти | Останати резерви | Распо-ложлива за распре-делба на акционе-рите | Ограни-чена за распре-делба на акционе-рите | (Акуму-лирани загуби) | Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционе-рите на Банката | Вкупно капитал и резерви |
| **На 31 декември 2015 (претходна година)/ 1 јануари 2016 (тековна година)** | **1,397,967** | **524** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **15,139** | **-** | **2,688** | **-** | **-** | **(211,403)** | **1,204,915** | **1,204,915** |
| **Сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 1,261 | 1,261 | 1,261 |
| Добивка/(загуба) за финансиската година | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на средствата расположиви за продажба | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на парични текови | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Промени во објективната вредност на заштита од ризикот на нето-вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики од вложување во странско работење | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даночни средства/(обврски) признаени во капиталот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати добивки/(загуби) кои не се прикажуваат во Билансот на успех | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| ***Вкупно нереализирани добивки/(загуби) признаени во капиталот и резервите*** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупно сеопфатна добивка/(загуба) за финансиската година** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | **1,261** | **1,261** | **1,261** |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ (продолжение)**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | Капитал | | | | Ревалоризациски резерви | | | | | Останати резерви | | | Задржана добивка | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Запишан капитал | Премии од акции | (Сопствени акции) | Други сопственички инструменти | Ревалоризациски резерви за средства расположливи за продажба | Ревалоризациска резерва за средства преземени за ненаплатени побарувања | Резерви за заштита од ризикот | Резерва од курсни разлики од вложување во странско работење | Останати ревалоризациски резерви | Законска резерва | Капитална компонента на хибридни финансиски инструменти | Останати резерви | Расположлива за распределба на акционерите | Ограничена за распределба на акционерите | (Акумулирани загуби) | Вкупно капитал и резерви, кои припаѓаат на акционерите на Банката | Вкупно капитал и резерви |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издадени акции во текот на периодот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за законска резерва | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Издвојување за останати резерви | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дивиденди | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Откуп на сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Други промени во капиталот и резервите-останато | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Трансакции со акционерите, признаени во капиталот и резервите** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **На 31 декември 2016 (тековна година)** | 1,397,967 | 524 | - | - | - | - | - | - | - | 15,139 | - | 2,688 | - | - | (210,142) | 1,206,176 | 1,206,176 |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Неделин Валчев,
претседател на Управен одбор

Орце Трајковски,
член на Управен одбор

Станимир Станчев,
член на Управен одбор

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Паричен тек од основната дејност** | | |
| Загуба пред оданочување | 1,402 | (48,305) |
| *Коригирана за:* | | |
| Амортизација на: | | |
| нематеријални средства | 16,701 | 17,404 |
| недвижности и опрема | 27,388 | 23,532 |
| Капитална добивка од: | | |
| продажба на нематеријални средства | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | (629) | (9) |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | (3,274) | (8,567) |
| Капитална загуба од: | | |
| продажба на нематеријални средства | - | - |
| продажба на недвижности и опрема | - | - |
| продажба на преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | - | - |
| Приходи од камата | (331,841) | (329,470) |
| Расходи за камата | 99,106 | 109,847 |
| Нето-приходи од тргување | - | - |
| Исправка на вредноста на финансиските средства, на нето-основа: | - | |
| дополнителна исправка на вредноста | 101,117 | 89,471 |
| ослободена исправка на вредноста | (79,214) | (84,974) |
| Загуба поради оштетување на нефинансиските средства, на нето-основа: | | |
| дополнителни загуби поради оштетување | 7,189 | 21,528 |
| ослободени загуби поради оштетување | - | (385) |
| Посебна резерва: | | |
| дополнителни резервирања | 4,894 | 3,723 |
| ослободени резервирања | (4,430) | (3,937) |
| Приходи од дивиденди | (3,990) | (3,574) |
| Удел во добивката/(загубата) на придружените друштва | - | |
| Останати корекции | (2,086) | (2,680) |
| Наплатени камати | 333,005 | 323,119 |
| Платени камати | (90,483) | (108,050) |
| **Добивка од дејноста пред промените на деловната актива:** | **74,855** | **-1,327** |
| *(Зголемување)/намалување на деловната актива:* | | |
| Средства за тргување | - | - |
| Деривативни средства чувани за управување со ризик | - | - |
| Кредити на и побарувања од банки | - | - |
| Кредити на и побарувања од други комитенти | (786,502) | (779,659) |
| Заложени средства | - | - |
| Преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања | 5,091 | 7,797 |
| Задолжителна резерва во странска валута | 12,293 | (107,954) |
| Задолжителен депозит кај НБРМ според посебни прописи | - | - |
| Ограничени депозити | (127) | - |
| Останати побарувања | 2,173 | 3,792 |
| Одложени даночни средства | - | - |
| Нетековни средства кои се чуваат за продажба и група за отуѓување | - | - |
| *Зголемување/(намалување) на деловните обврски:* | - | - |
| Обврски за тргување | - | - |
| Деривативни обврски чувани за управување со ризик | - | - |
| Депозити на банки | (58,143) | (1,164,595) |
| Депозити на други комитенти | 319,067 | 941,768 |
| Останати обврски | 7,206 | (10,796) |
| Обврски директно поврзани со група на средства за отуѓување | - | - |
| **Нето паричен тек од основната дејност пред оданочување** | **(424,087)** | **(1,110,974)** |
| (Платен)/ поврат на данок на добивка | (22) | (29) |
| **Нето паричен тек од основната дејност** | **(424,109)** | **(1,111,003)** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК (продолжение)**
**за периодот од 1 јануари 2016 година до 31 декември 2016 година**
**(во илјади денари)**

| | 2016 | 2015 |
|---|---|---|
| **Паричен тек од инвестициска дејност** | | |
| (Вложувања во хартии од вредност) | - | - |
| Приливи од продажбата на вложувањата во хартии од вредност | 1,003,669 | 884,215 |
| (Одливи за вложувањата во подружници и придружени друштва) | - | - |
| Приливи од продажбата на вложувањата во подружници и придружени друштва | - | - |
| (Набавка на нематеријални средства) | (3,254) | (3,181) |
| Приливи од продажбата на нематеријални средства | - | - |
| (Набавка на недвижности и опрема) | (180,981) | (23,882) |
| Приливи од продажбата на недвижности и опрема | 1,796 | 1,484 |
| (Одливи за нетековните средства кои се чуваат за продажба) | - | - |
| Приливи од нетековните средства кои се чуваат за продажба | - | - |
| (Останати одливи од инвестициска дејност) | - | - |
| Останати приливи од инвестициска дејност | - | - |
| **Нето паричен тек од инвестициска дејност** | **821,230** | **858,636** |
| | | |
| **Паричен тек од финансирањето** | | |
| (Отплата на издадени должнички хартии од вредност) | - | - |
| Приливи од издадени должнички хартии од вредност | - | - |
| (Отплата на обврските по кредити) | (930) | (5,429) |
| Зголемување на обврските по кредити | - | - |
| (Отплата на издадените субординирани обврски) | - | - |
| Приливи од издадените субординирани обврски | - | - |
| Приливи од издадените акции/сопственички инструменти во текот на периодот | - | - |
| (Откуп на сопствени акции) | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - |
| (Платени дивиденди) | - | - |
| (Останати одливи од финансирањето) | - | - |
| Останати приливи од финансирањето | - | - |
| **Нето паричен тек од финансирањето** | **(930)** | **(5,429)** |
| | | |
| Ефект од исправката на вредноста на паричните средства и паричните еквиваленти | (206) | 403 |
| Ефект од курсните разлики на паричните средства и паричните еквиваленти | 2 | (23) |
| **Нето-зголемување/(намалување) на паричните средства и паричните еквиваленти** | **395,987** | **(257,416)** |
| Парични средства и парични еквиваленти на 1 јануари | 1,248,168 | 1,505,584 |
| | | |
| **Парични средства и парични еквиваленти на 31 декември** | **1,644,155** | **1,248,168** |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Неделин Валчев,
претседател на Управен одбор

Орце Трајковски,
член на Управен одбор

Станимир Станчев,
член на Управен одбор

## 1. ВОВЕД

### а) Општи информации

Централна кооперативна банка АД Скопје (во понатамошниот текст: Банката) е акционерско друштво основано во Република Македонија. Банката е основана на 5 декември 1992 година под називот Силекс банка АД Скопје. Во 2008 година, мнозинскиот дел од акциите на Банката беа купени од страна на Централна кооперативна банка АД Софија, кога Банката го промени називот во Централна кооперативна банка АД Скопје. Седиштето на Банката се наоѓа на улица 1732, број 2, Скопје, каде се извршуваат нејзините главни активности. Банката своите активности во Република Македонија ги извршува преку централата на Банката и мрежа на 5 филијали и 19 експозитури.

Банката е регистрирана како универзален тип на комерцијална банка, во согласност со македонските закони. Позначајни активности на Банката се следните:

- прибирање депозити и други повратни извори на средства;
- кредитирање во земјата, вклучувајќи и факторинг и финансирање комерцијални трансакции;
- издавање и администрирање платежни средства (парични картички, чекови, меници);
- финансиски лизинг;
- менувачки работи;
- платен промет во земјата и во странство, вклучувајќи купопродажба на девизи;
- брз трансфер на пари;
- издавање платежни гаранции, авали и други форми на обезбедување;
- најмување сефови, остава и депо;
- тргување со инструменти на пазарот на пари (меници, сертификати за депозити);
- обработка и анализа на информации за кредитната способност на правни лица;
- економско-финансиски консалтинг;
- други финансиски услуги утврдени со закон што може да ги врши само банка.

Банката е контролирана од страна на Централна кооперативна банка АД Софија, со седиште во Република Бугарија, која заедно со поврзаните лица поседува 91.83% од капиталот на Банката и претставува нејзина крајна матична компанија.

Акциите на Банката се тргуваат на редовниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност на пазарот на акционерски друштва со посебни обврски за известување, а кодот под кој се регистрирани е:

| Шифра на хартија од вредност | ИСИН број |
|---|---|
| СКВ (обична акција) | MKSILB101014 |

## 1. ВОВЕД (продолжение)

### а) Општи информации (продолжение)

Финансиските извештаи на Банката за годината што завршува на 31 декември 2016 година беа одобрени од страна на Надзорниот одбор на Банката на 23 јануари 2017 година.

### б) Основи за изготвување на финансиските извештаи

**Стандарди врз основа на кои се подготвени финансиските извештаи**

Податоците во приложените финансиски извештаи на Банката се изготвени во согласност со Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ“ бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11,24/11,166/12,70/13, 119/13, 38/2014, 41/2014, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16 и 61/16), Законот за банки („Службен весник на РМ“ бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13,15/15, 153/15 и 190/16), подзаконската регулатива пропишана од страна на Народна банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: НБРМ), како и во согласност со Одлуката за Методологијата за евидентирање и вреднување на сметководствените ставки и за подготовка на финансиските извештаи (во понатамошниот текст: Методологија) („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 165/12, 50/13 и 110/13) и Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 152/11, 54/12 и 166/13), кои се пропишани од страна на НБРМ и се во примена од 31 декември 2011 година.

**Стандарди кои се објавени, а сè уште не се во примена**

На датумот кога овие финансиски извештаи беа авторизирани за издавање од страна на Управниот одбор на Банката, не постојат објавени стандарди кои сè уште не се во примена.

**Презентација на финансиските извештаи**

Придружните финансиски извештаи на Банката се прикажани во согласност со формата и содржината на билансните шеми објавени во Одлуката за видовите и содржината на финансиските извештаи на банките („Службен весник на РМ“ бр. 169/10, 152/11, 54/12 и 166/13), кои во поединечни делови отстапуваат од начинот на презентација на одредени позиции во финансиските извештаи во согласност на барањата на Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 1 - Презентација на финансиските извештаи.

Раководството на Банката го проценува влијанието на промените на МСС, новите МСФИ и нивните толкувања врз финансиските извештаи, како и барањата за форматот и содржината на одредени билансни шеми во согласност со Одлуката и вреднувањата на средствата, обврските, приходите и расходите во согласност со барањата на Методологијата. Како резултат на тоа, раководството на Банката не изразува експлицитна и безрезервна изјава за усогласеноста на финансиските извештаи во однос на МСС и МСФИ, кои се применуваат во периодот прикажан во приложените финансиски извештаи.

Како дополнување на претходно наведеното, сметководствената регулатива која се применува во Република Македонија се разликува од барањата на МСФИ и МСС во следните материјални аспекти на финансиското известување:

- Раководството на Банката ја проценува исправката на вредност на финансиските инструменти во согласност со релевантната регулатива пропишана од НБРМ (белешка 1в). Таква политика може да резултира со значајни разлики во износите кои би биле детерминирани ако резервациите за исправка на вредност на финансиските инструменти би биле проценети врз основа на барањата на МСС 39, „Финансиски инструменти: Признавање и мерење“.
- Банката последователно ги мери недвижностите и опремата со употреба на моделот на набавна вредност. Согласно со МСС 16 „Недвижности, постројки и опрема“, Банката може последователно да ги мери недвижностите и опремата со користење на моделот на набавна вредност или моделот на ревалоризирана вредност.

Приложените финансиски извештаи се подготвени во согласност со принципот на историска набавна вредност, освен за вреднувањето на вложувањата во финансиските средства расположливи за продажба кои се вреднуваат по објективна вредност, врз основа на претпоставката на принципот на континуитет.

**1. ВОВЕД (продолжение)**

**б) Основи за изготвување на финансиските извештаи (продолжение)**

**Презентација на финансиските извештаи (продолжение)**

Презентацијата на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија бара користење најдобри можни проценки и разумни претпоставки од страна на раководството на Банката, кои имаат ефекти на презентираните вредности на средствата и обврските, како и на приходите и расходите настанати во периодот на известување. Овие проценки и претпоставки се засновани на искуство од минатото и на други фактори за кои се верува дека се разумни во околностите и чии резултати претставуваат основа за проценка на сметководствената вредност на средствата и обврските за кои не се достапни податоци од други извори. Реалните резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Презентираните финансиски извештаи се искажани во илјади македонски денари. Денарот претставува функционална и известувачка валута на Банката за целите на известувањето до НБРМ.

Проценките и претпоставките се разгледуваат на континуирана основа. Ревидираните сметководствени проценки се признаваат во периодот во кој проценката е ревидирана ако таа има влијание само на тој период, или, пак, во периодот на проценка и во идните периоди, ако ревидираната проценка има влијание на двата периода - тековниот и идниот период.

Информациите во однос на значајните области за кои постои неизвесност врз основа на проценка и критичните проценки во примената на сметководствените политики кои имаат најзначаен ефект на износите обелоденети во финансиските извештаи се наведени во Белешка 1г).

Финансиските извештаи на Банката се подготвени во согласност со сметководствените политики образложени во Белешката 1 в) кон финансиските извештаи.

**в) Значајни сметководствени политики**

**Приходи и расходи по основ на камати**

Приходите и расходите по основ на камати се признаваат во Билансот на успех за сите каматоносни инструменти на пресметковна основа, според амортизирана набавна вредност, со примена на ефективна каматна стапка.

Методот на ефективна каматна стапка е метод за пресметка на амортизирана набавна вредност на финансиските средства или финансиските обврски преку алокација на приходите од камата и расходите за камата во соодветниот релевантен период. Ефективната каматна стапка е стапка со која се дисконтираат проценетите идни парични приливи или одливи во текот на очекуваниот век на финансискиот инструмент или, каде што е соодветно, за пократок период до нето-сметководствената вредност на финансиското средство или финансиската обврска. При пресметката на ефективната каматна стапка, Банката врши проценка на паричните текови имајќи ги предвид договорените услови за финансиските инструменти (на пример, опциите за предвремена отплата), но не ги зема предвид идните загуби поради оштетување. Интегрален дел на пресметката на ефективната каматна стапка се и сите платени и наплатени провизии и надоместоци помеѓу договорните страни, како и трансакциските трошоци и сите други премии или дисконти при одобрување на кредитите.

**Приходи од надоместоци и провизии**

Провизиите и надоместоците, со исклучок на провизиите за одобрување кредити, генерално се признаваат на пресметковна основа во периодот кога се врши услугата. Останатите провизии за одобрување кредити се разграничуваат и амортизираат за времетраењето на кредитот, со примена на методот на ефективна каматна стапка.

**1. ВОВЕД (продолжение)**

**в) Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Приходи од дивиденди**

Приходите од дивиденди се признаваат кога правото да се добие дивиденда е востановено за сите акционери кои учествуваат во распределбата.

**Износи искажани во странска валута**

Трансакциите настанати во странска валута се искажани во денари со примена на официјалните курсеви на НБРМ, кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските кои гласат на странска валута се искажуваат во денари, со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на составувањето на Билансот на состојба. Позитивните и негативните курсни разлики кои произлегуваат од претворањето на износите во странска валута, како и во однос на вреднувањето на средствата и обврските во странска валута се вклучени во Билансот на успех во периодот кога тие настануваат.

Преземените и потенцијалните обврски деноминирани во странска валута се преведуваат во денари со примена на официјалните девизни курсеви кои важат на датумот на Билансот на состојба.

**Финансиски средства**

Финансиските средства се класифицирани во следните категории: финансиски средства расположливи за продажба, финансиски средства кои се чуваат до доспевање и кредити одобрени на банки и комитенти. Класификацијата зависи од природата и намената на финансиските средства и се одредува во моментот на нивното почетно признавање. Финансиските средства се признаваат и депризнаваат на датумот на тргување кога купувањето или продавањето на вложувањето е според договор чиишто одредби бараат испорака на вложувањето во договорените временски рамки.

**Финансиски средства расположливи за продажба**

Финансиски средства расположливи за продажба се оние финансиски средства коишто се чуваат на неопределено време и можат да бидат продадени доколку постои потреба за решавање проблеми поврзани со ликвидноста или промената на каматните стапки, со девизните курсеви или со цената на акциите. Прикажаното портфолио е составено од сопственички хартии од вредност во банки, финансиски институции и претпријатија врз кои Банката нема контрола.

Финансиските средства расположиви за продажба почетно се признаваат по набавната вредност и потоа последователно се вреднувани според објективната вредност, а врз основа на пазарната вредност или врз основа на износите добиени со примена на методот на парични текови за вложувањата во друштва кои не котираат на берза.

Нереализираните добивки и загуби кои произлегуваат од промена на објективната вредност на финансиските средства расположливи за продажба се признаваат директно во главнината, сè додека не се продаде сопственичката хартија од вредност или додека не се оцени дека таа е обезвреднета, при што кумулативната нереализирана добивка или загуба, која е претходно признаена во главнината, се вклучува во нето-добивката или загубата за периодот. Пресметаната камата со примена на методот на ефективна каматна стапка, како и евентуалните загуби поради оштетување и позитивните и негативните курсни разлики се признаваат во Билансот на успех.

**Финансиски средства кои се чуваат до доспевање**

Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање претставуваат финансиски средства со фиксни или определени плаќања и фиксно доспевање, за кои Банката има намера и можност да ги чува до доспевање. Ако Банката продаде каков било дел од вложувањата кои се чуваат до доспевање кој не би бил нематеријален, целата категорија би се рекласифицирала во финансиски средства расположливи за продажба. Овие хартии од вредност се прикажани според амортизираната набавна вредност, со примена на методот на ефективна каматна стапка.

**1. ВОВЕД (продолжение)**

**в) Значајни сметководствени политики (продолжение)**

**Кредити одобрени од Банката**

Кредитите одобрени од Банката ги вклучуваат кредитите кога средствата им се одобрени на комитентите. Кредитите иницијално се признаваат по објективна вредност, вклучувајќи ги сите трансакциски трошоци, а последователно се вреднуваат според амортизираната набавна вредност со користење на методот на ефективна каматна стапка.

Каматите по основ на кредити одобрени од Банката се вклучени во приходите од камати и се признаваат на пресметковна основа.

Кредитите одобрени на комитентите и финансиските институции се прикажани во нето-износ намалени за загубата поради оштетување.

**Загуби поради оштетување на финансиски средства**

Банката на датумот на секој Биланс на состојба проценува дали постои објективен доказ дека финансиското средство или група на финансиски средства има загуба поради оштетување.

Во случај на вложувања класифицирани како расположливи за продажба, ако има значајно или одложено намалување на нивната објективна вредност под нивната набавна вредност, истите се разгледуваат при утврдувањето дали средствата имаат загуба поради оштетување.

Доколку постои таков доказ за вложувањата расположливи за продажба, кумулативната загуба, мерена како разлика помеѓу набавната вредност на вложувањето и неговата тековна објективна вредност, намалена за какви било загуби поради оштетување претходно признаени во Билансот на успех, се елиминира од главнината и се признава во Билансот на успех. Загубите поради оштетување признаени во Билансот на успех на вложувањата кои се вреднуваат преку главнината, не се рекласификуваат преку Билансот на успех. Ако во подоцнежниот период објективната вредност на вложувањата класифицирани како расположливи за продажба се зголеми и таквото зголемување може објективно да се врзе со настан кој се случил по признавањето на загубите поради оштетување во Билансот на успех, загубите поради оштетување се рекласификуваат преку Билансот на успех.

Износот на загубите поради оштетување за финансиските средства кои се вреднуваат според амортизирана вредност се пресметува како разлика помеѓу сметководствената вредност на средството и сегашната вредност на очекуваните парични приливи дисконтирани според оригиналната ефективна каматна стапка на таквиот финансиски инструмент.

**Резервации за загуби поради оштетување на кредити и побарувања**

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и побарувањата се утврдуваат доколку постојат објективни докази дека Банката нема да може да ги наплати сите достасани износи на побарувањата според договорните услови. Всушност, поимот побарувања има значење на кредити, договорени обврски, како што се: акредитиви, гаранции или договорени обврски за зголемување на кредитниот лимит. Резервацијата за загуби поради оштетување по кредити се искажува како намалување на сметководствената вредност на кредитот, додека за вонбилансните ставки резервацијата се искажува во рамките на ставката резервации. Зголемувањата на резервациите се вршат преку искажаните загуби поради оштетување признати во Билансот на успех.

## 1. ВОВЕД (продолжение)

### в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

**Резервации за загуби поради оштетување кредити и побарувања (продолжение)**

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите и на останатите активни билансни и вонбилансни позиции се вршат во согласност со регулативата пропишана од страна на НБРМ со важност на секој датум на Билансот на состојба, според која Банката е должна да ги класифицира активните билансни и вонбилансни позиции во групи според степенот на нивната ризичност и да изврши проценка на износот на потенцијалните загуби поради оштетувања кои се пресметуваат со примена на објективни и субјективни мерила на 31 декември 2016 и на 31 декември 2015, со примена на следните проценти:

| Ризична категорија | 31 декември 2016 Процент | 31 декември 2015 Процент |
|---|---|---|
| А | од 0% до 5% | од 0% до 5% |
| Б | над 5% до 20% | над 5% до 20% |
| В | над 20% до 45% | над 20% до 45% |
| Г | над 45% до 70% | над 45% до 70% |
| Д | над 70% до 100% | над 70% до 100% |

Резервациите за загуби поради оштетување се утврдени единствено на поединечна основа, во согласност со Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на РМ“ 50/13), како и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за управување со кредитниот ризик („Службен весник на РМ“ бр. 50/13, 157/13 и 223/15), усвоени од страна на НБРМ, кои Банката започна да ги применува од 1 декември 2013 година. Банката не го употреби моделот за исправка на вредност на групна основа, којшто е дозволен согласно со горенаведената Одлука.

Резервациите за загуби поради оштетување на кредитите се утврдуваат врз основа на степенот (големината) на ризикот од ненаплатливост или специфичниот ризик на ниво на земја, врз основа на следните принципи:

- Поединечните кредитни изложености (ризици) се оценуваат врз основа на видот на кредитобарателот, неговата целокупна финансиска позиција, изворите и евиденцијата за плаќање и надоместливата вредност на обезбедувањето. Резервациите за загуби поради оштетување се мерат и утврдуваат за разликата помеѓу сметководствената вредност на кредитот и неговиот проценет надоместлив износ, што, всушност, ја претставува сегашната вредност на очекуваните готовински текови, вклучувајќи ги и надоместливите износи од гаранции и залог, дисконтирани со ефективна каматна стапка на кредитот.
- Загубата по кредит претставува престанок на пресметка на приход од камата согласно со договорените услови, а кредитот се класификува како нефункционален поради тоа што договорните обврски за плаќање на главницата и/или каматата се во задоцнување, односно ненаплатени во период подолг од 90 дена. Сите резервации за загуби по кредити се разгледуваат и тестираат најмалку еднаш квартално и секакви понатамошни промени на износите и времето на очекуваните идни парични приливи, во споредба со претходните проценки, резултираат во промена на резервацијата за загуби поради оштетување, која се евидентира како задолжување или одобрување на загубите поради оштетување, евидентирани во Билансот на успех.
- Кредитот за кој се верува дека е неможно да се наплати, се отпишува наспроти соодветната резервација за загуби поради оштетување. Натамошните наплати се евидентираат како намалување на загубите поради оштетување во Билансот на успех.
- Во случај на одобрени кредити на кредитокорисници во земји со зголемен ризик на потешкотии за сервисирање надворешен долг, се проценуваат политичката и економската ситуација и се воспоставуваат дополнителни резервации за ризичност на земја.

## 1. ВОВЕД (продолжение)

### в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

**Депризнавање финансиски средства**

Банката ги депризнава финансиските средства кога договорните права за стекнување на готовина од финансиското средство истекуваат или се пренесуваат на друг ентитет, а со тоа се пренесуваат и значајно сите права и ризици кои произлегуваат од нивната сопственост.

**Финансиски обврски**

Финансиските обврски се класифицираат во согласност со содржината на договорениот аранжман. Финансиските обврски се класифицирани како депозити на банки, финансиски институции и комитенти, обврски по основ на кредити, останати обврски и деривативни финансиски инструменти.

**Депозити од банки и други финансиски институции и комитенти**

Овие финансиски обврски се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање намалена за трансакциските трошоци, и последователно се вреднуваат по амортизираната набавна вредност.

**Обврски по основ на кредити**

Обврските по основ на кредити се евидентираат по објективната вредност при иницијалното признавање, намалена за трансакциските трошоци. Последователното мерење е според амортизираната набавна вредност, а разликата помеѓу нето-приливите и вредноста која се задржува се признава во Билансот на успех за времетраењето на кредитот користејќи го методот на ефективна каматна стапка. Ефективната каматна стапка е стапката која точно го дисконтира очекуваниот тек на идните парични одливи во текот на очекуваниот век на финансиската обврска.

**Останати обврски**

Останатите обврски се прикажани во нивните номинални износи.

**Депризнавање на финансиските обврски**

Банката ги депризнава финансиските обврски единствено кога нејзините обврски се извршени, откажани или застарени.

**Недвижности и опрема**

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и акумулираната загуба поради оштетување. Трошоците направени за замена на дел од недвижностите и опремата што се евидентира одделно, се капитализираат. Останатите последователни трошоци се капитализираат само кога ја зголемуваат идната економска корисност на ставката вклучена во дел од недвижностите и опремата. Сите останати трошоци се признаваат како трошоци во Билансот на успех кога настануваат. Амортизацијата на недвижностите и опремата се пресметува по пропорционален метод, на начин да се отпише набавната вредност на средствата во текот на нивниот пропишан корисен век на траење. На инвестициите во тек не се пресметува амортизација сè до нивното ставање во употреба. Годишните стапки на амортизација за 2016 и 2015 година се како што следи:

| | |
|---|---|
| Градежни објекти | 2% |
| Мебел | 10% |
| Возила | 25% |
| Машини и опрема | 20% |

Добивките или загубите остварени со отуѓување или ставање надвор од употреба на недвижностите и опремата се определуваат како разлика помеѓу приливите од продажба и сметководствената вредност на средството, и тие се признаваат во Билансот на успех.

Недвижностите и опремата се предмет на годишна анализа за можноста од нивно оштетување. Кога сметководствената вредност на средството е повисока од проценетата надоместувачка вредност, вредноста на средството веднаш се намалува до висината на неговата надоместувачка вредност.

## 1. ВОВЕД (продолжение)

### в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

**Нематеријални средства**

Нематеријалните средства се посебно набавени средства и се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација, како и акумулираната загуба поради оштетување, доколку постои. Нематеријалните средства вклучуваат компјутерски софтвер кој е набавен одделно од хардверот. Трошокот за софтверот се амортизира со примена на праволиниски метод на проценетиот век на траење кој изнесува 10 години. На крајот на секоја година Банката врши анализа на сметководствените вредности на нематеријалните средства и проценува дали постојат индикации кои укажуваат дека средствата се оштетени. Доколку постојат какви било навестувања, се утврдува проценетата надоместувачка вредност на средството и доколку е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност.

**Загуби поради оштетување на материјалните и нематеријалните средства**

Раководството на Банката редовно ги разгледува сметководствените вредности на материјалните и нематеријалните средства. Доколку постојат какви било навестувања дека овие средства се оштетени, се проценува надоместувачката вредност на средството со цел да се одреди степенот на загуба поради оштетување. Доколку проценетата надоместувачка вредност на средството е помала од сметководствената вредност, сметководствената вредност на средството се намалува до неговата надоместувачка вредност. Загубата поради оштетување се признава како трошок во тековниот период. Анулирањето на загубата поради оштетување веднаш се признава како приход.

**Преземени средства по основ на ненаплатени побарувања**

Преземените средства вклучуваат недвижности и опрема коишто се стекнати преку постапка на преземање, со што целосно или делумно би се исполниле обврските на комитентите за соодветните кредити. Тие се прикажани во ставката преземени средства врз основа на ненаплатени побарувања. Овие средства почетно се признаваат по пониската вредност од набавната вредност на кредитот, вклучувајќи ги трансакциските трошоци (вообичаено набавната вредност на кредитот е вредноста наведена во актот донесен од страна на надлежен орган од кој произлегува правниот основ за стекнување сопственост), и објективната вредност намалена за проценетите трошоци за продажба, одредена од страна на овластен проценител на датумот на преземањето на средството. За сите средства преземени по 6 април 2014 година, Банката, при почетното признавање, евидентира и оштетување од најмалку 20% од пониската од набавната и проценетата вредност на преземеното средство. Доколку исправката на вредноста на кредитот којшто е наплатен по пат на преземање средства, е повисока од 20% од почетната вредност на преземеното средство, разликата се признава во рамките на ревалоризациските резерви на Банката.

По почетното признавање на преземените средства најмалку еднаш во дванаесет месеци Банката е должна да ја утврди проценетата вредност и во Билансот на успех да признае загуба од оштетување, еднаква најмалку на поголемиот износ од негативната разлика меѓу проценетата вредност и нето-вредноста на преземеното средство и 20% од нето-вредноста на преземеното средство.

При продажба на преземеното средство, износот на ревалозирациски резерви се ослободува преку ослободување на исправката на вредност преку Билансот на успех.

**Пари и парични еквиваленти**

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина и ностро сметки кои претставуваат депозити по видување и пласмани кај други банки и финансиски институции, износи кај НБРМ и други финансиски средства, како што се: благајнички и други записи, како високоликвидни средства кои доспеваат во рок од 3 месеци и имаат незначителни промени на објективната вредност.

## 1. ВОВЕД (продолжение)

## в) Значајни сметководствени политики (продолжение)

**Средства од комисиско работење**

Банката управува со средства во име и за сметка на правни лица и граѓани и ги чува и пласира во различни финансиски инструменти врз основа на насоките на комитентите. Банката добива надоместок за овие услуги. Средствата од комисиското работење не претставуваат средства на Банката и не се признати во финансиските извештаи. Банката не е изложена на каков било ризик поврзан со овие средства, со оглед на тоа дека не ги гарантира.

**Резервации**

Резервациите се признаваат во случај кога Банката има тековни обврски (законски или изведени) како резултат на минати настани и притоа е веројатно дека ќе биде обврзана да ги плати, при што износот на обврската може веродостојно да се процени. Износот признаен како резервација ја претставува најдобрата проценка на потребниот износ за измирување на тековната обврска на датумот на Билансот на состојба, земајќи ги предвид ризиците и неизвесностите кои ја опкружуваат обврската.

Онаму каде што резервацијата се мери со користење на проценетите парични текови за измирување на тековната обврска, нејзината сметководствена вредност претставува сегашна вредност на тие парични текови.

**Користи за вработените**

Придонесите за здравствено, пензиско и социјално осигурување од бруто-плати и нето-платите се плаќаат од страна на Банката во текот на годината според законските прописи. Ваквите придонеси претставуваат дефинирани планови за бенефиции и се признаваат како трошок кога вработените извршуваат услуги. Не постојат дополнителни обврски според овие планови.

Банката нема дефинирано планови за отпремнини при пензионирање или опции за наградување на 31 декември 2016 година. Раководството проценува дека сегашната вредност на идните обврски кон вработените кои се однесуваат на бенефиции при пензионирањето и јубилејни награди не е материјално значајна на 31 декември 2016 и 2015 година.

**Оданочување**

Обврската на Банката за тековен данок е пресметана врз основа на важечката даночна регулатива и со употреба на пропишаните даночни стапки кои важат или се значајни во примена на датумот на Билансот на состојба.

Одложениот данок се признава на разликите помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметката на оданочливата добивка и се евидентира со примена на методот на обврска. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи времени разлики, а одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики, и тоа во обем во којшто постои веројатност дека ќе постои доволно идна даночна добивка во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночните стапки (и закони за даноци) коишто важат на датумот на Билансот на состојба.

**Наеми**

Банката дава и зема недвижнини под закуп по основ на оперативни наеми. Приходите и расходите по основ на наемнини се признаваат во Билансот на успех на праволиниска основа во рамките на времетраењето на наемот.

## 1. ВОВЕД (продолжение)

### г) Употреба на оценки и проценки

Најзначајните области за кои се потребни проценки и претпоставки се:

**Објективна вредност на финансиските инструменти**

Објективната вредност на финансиските инструменти кои не котираат на активните пазари се определува со користење интерни техники за вреднување. Тие вклучуваат користење методи на сегашна вредност и модели врз основа на параметри кои се достапни. Сите модели на вреднување прво се потврдуваат пред да бидат користени како основа за финансиско известување и периодично се разгледуваат од страна на квалификуван персонал којшто е независен во однос на областа за која е креиран моделот. Каде што е можно, Банката ги споредува вреднувањата добиени од различните модели со оние кои котираат на активни пазари на слични инструменти и со реалните вредности кога истите се реализираат, со цел понатаму да ги потврди и стандардизира моделите. Голем број различни фактори се вклучени во моделите, вклучувајќи реални или проценети пазарни цени и стапки, како што се: временска вредност и непостојаност, пазарни услови и ликвидност.

Банката ги применува моделите конзистентно од еден до друг период, обезбедувајќи споредливост и континуитет на вреднувањата низ периодите, но оценката на објективната вредност инхерентно инволвира значаен степен на проценување.

Во Република Македонија не постојат доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купување и продажба на побарувања и други финансиски средства и обврски за кои постојат официјално објавени пазарни цени.

Раководството врши проценка на вкупната изложеност на ризик така што кога е проценето дека постојат навестувања дека евидентираната сметководствена вредност нема да може да биде реализирана, се признава резервација. Според мислењето на раководството, искажаните сметководствени вредности на средствата кои не котираат на активниот пазар, всушност, ги претставуваат највалидните и најкорисните вредности за известување кои важат под сегашните пазарни околности.

**Исправка на вредноста на кредитите**

Банката секој месец врши анализа на кредитните портфолија со цел да се процени дали постојат индикации за оштетување на кредитите. Во одредувањето дали загубата поради оштетување треба да се евидентира во Билансот на успех, Банката донесува оценка за тоа дали постојат некои видливи показатели кои укажуваат на намалување на идните парични текови од кредитното портфолио пред намалувањето да биде идентификувано на поединечниот кредит во тоа портфолио. Овој доказ може да вклучува видливи показатели кои укажуваат дека постојат негативни промени во способноста за плаќање на кредитот од страна на кредитокорисникот или неможноста за плаќање е резултат на неповолните економски состојби во земјата кои директно влијаат врз способноста на кредитокорисникот да ги подмири своите обврски во предвидениот рок.

Раководството користи проценки врз основа на историското искуство за загуби кои се однесуваат на средства кои имаат карактеристики на кредитен ризик и постоење објективен доказ за оштетувања кои се слични на оние во портфолиото кога ги планира идните парични текови. Методологијата и претпоставките користени за проценка на износот и времето на идните парични текови се анализира на редовна основа, со цел да се намалат разликите меѓу проценетата загуба и искуството од реалните загуби.

**Корисен век на материјалните и нематеријалните средства**

Раководството на Банката го одредува проценетиот корисен век и соодветниот трошок за амортизација на материјалните и на нематеријалните средства. Соодветноста на проценетиот корисен век се анализира на годишно ниво или секогаш кога постојат индикации за значајни промени во користените претпоставки, како што се: предвидениот технолошки развој, факторите кои влијаат на економијата во поширокото опкружување и индустријата.

**1. ВОВЕД (продолжение)**

**г) Употреба на оценки и проценки (продолжение)**

**Финансиска криза**

Развојот на финансиските пазари може да влијае врз идните парични текови на Банката во однос на тоа што би се очекувало при регуларен интерес на јавноста. Како резултат на тоа, идните парични текови се предмет на можни флуктуации и дали таквите флуктуации се значајни во однос на претходно очекуваните парични текови, останува неизвесно.

**д) Промена на сметководствените политики, сметководствените оценки и корекција на грешки**

Во текот на 2016 и 2015 година Банката нема направено промени во сметководствените политики и оценки.

**ѓ) Усогласеност со законската регулатива**

Банката ја води својата сметководствена евиденција и ги составува своите финансиски извештаи во согласност со законската регулатива пропишана од страна на НБРМ.

Приложените финансиски извештаи се усогласени со регулативата пропишана од страна на НБРМ која е на сила на секој датум на Билансот на состојба.

На 31 декември 2016 година, Банката не е усогласена со законскиот критериум којшто се однесува на изложеност кон акционер со квалификувано учество на Банката и со него поврзани лица. Овој лимит не смее да надмине 10% од сопствените средства (чл. 71, точка 3 од Законот за банки, „Службен весник на РМ" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13,15/15, 153/15 и 190/16), а со состојба на 31 декември 2016 година истиот изнесуваше 10.49%. Рокот зададен од страна на НБРМ за усогласување со овој критериум, којшто беше поставен на 31 март 2016, со допис од страна на НБРМ е пролонгиран до 30 јуни 2017 година.

Банката е усогласена со законската и подзаконската регулатива во поглед на сите останати лимити на изложеност на Банката коишто произлегуваат од Законот за банките и подзаконските акти усвоени од Советот на НБРМ.

Во периодот од 7 ноември 2016 година до 7 декември 2016 година, НБРМ спроведе теренска контрола со пресечен датум 30 септември 2016 година, која се однесуваше на контрола на спроведувањето на мерките пропишани од НБРМ, кредитниот ризик, оперативниот ризик, ИТ-ризикот и усогласеноста со прописите во работењето на Банката. На 22 февруари 2017 година до Банката беше доставен Записник од спроведената контрола.

Во Записникот беа идентификувани одредени слабости и препораки во областите кои беа опфатени со контролата. Банката презеде соодветни активности преку изготвување инструкции и насоки за подобрување на активностите во областите каде се идентификувани слабостите.

За идентификуваните слабости изготвен е Акциски план кој вклучува активности за соодветни подобрувања и корегирања на слабостите и нерегуларностите детектирани со контролата. Континуиран мониторинг на имплементацијата на препораките од НБРМ и соодветно известување до Надзорниот одбор и до НБРМ се спроведуваат на квартална основа.

**е) Обелоденувања за управување со ризиците**

Природата и изложеноста на Банката на различни видови ризици, како и целите, политиките и процесите на Банката за управување со нив, се обелоденети во Белешка 2.

**ж) Настани по датумот на Билансот на состојба**

Банката нема значајни настани по датумот на Билансот на состојба за кои ќе се врши корекција во финансиските извештаи.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ

Активностите на Банката ја изложуваат кон различни финансиски ризици, а тие активности опфаќаат анализа, евалбација, прифаќање и управување со одреден степен на ризик или комбинација на ризици. Преземањето ризик е основа на финансиското работење, а оперативните ризици се неизбежна последица на вршењето на деловните активности. Затоа, целта на Банката е да постигне соодветна рамнотежа помеѓу ризикот и приносот, како и да ги минимизира потенцијалните негативни ефекти врз финансиските перформанси на Банката.

Политиките за управување со ризиците на Банката се дизајнирани на начин да можат да ги идентификуваат и анализираат овие ризици, да постават соодветни лимити и контроли, како и следење на ризиците. Банката редовно ги ревидира своите политики за управување со ризиците и системите за да ги одрази промените на пазарите, производите и најдобрите практики.

Организациската структура на раководењето со ризици на Банката осигурува постоење јасни линии на одговорност, ефикасна сегрегација на должности и превенција на судири на интереси на сите нивоа, вклучувајќи ги Управниот одбор, извршниот и високиот менаџмент, како и помеѓу Банката и ЦКБ-групацијата, нејзините клиенти и сите други поврзани субјекти.

Најважните видови ризици се: кредитниот ризик, ликвидносниот ризик, пазарниот ризик и оперативниот ризик.

### 2.1 Кредитен ризик

Банката презема изложеност кон кредитен ризик, којшто претставува ризик од финансиска загуба која произлегува од неможноста должникот да ги исполни условите од договорот со Банката или да не постапи според договореното. Кредитниот ризик е најважниот ризик за работењето на Банката. Затоа раководството внимателно ја раководи нејзината изложеност кон кредитниот ризик. Кредитните изложености главно произлегуваат од активностите за кредитирање што резултираат во кредити и аванси. Исто така, постои кредитен ризик во вонбилансните финансиски инструменти, како што се одобрените лимити на претпријатија и население, гаранциите и акредитивите.

#### 2.1.1 Управување со кредитниот ризик

Иницијално, при одобрување кредит или друга кредитна изложеност, кредитоспособноста на клиентите се оценува од страна на соодветните кредитни тела во зависност од видот и износот на изложеноста врз база на дефинирани критериуми. Управувањето со кредитниот ризик на Банката кое подразбира идентификување, мерење, следење и контрола се врши од страна на следниве тела: Дирекција за анализа и управување со кредитниот ризик, Дирекција за анализа и управување со ризици и Одборот за управување со ризици, врз основа на извештаи и анализи изготвени од страна на релевантните организациски делови на Банката. Информации и податоци во врска со кредитниот ризик се доставуваат на редовна основа до Управниот одбор и до Надзорниот одбор на Банката.

Банката има интерен систем на класификација на клиентите чија главна цел е одредување на нивната кредитна способност и оценка на прифатливото ниво на кредитен ризик при започнување на кредитирањето. Банката имплементира различни практики за намалување на кредитниот ризик. Вообичаена практика е прифаќање соодветно обезбедување за дадените кредити. Поважните типови обезбедување за кредити и други кредитни изложености се:

- хипотеки врз станбени објекти;
- залог на деловен имот, како: деловни објекти, резерви и побарувања;
- залог на финансиски инструменти, како што се: должнички и сопственички хартии од вредност;
- залог на подвижен имот, како: автомобили, опрема и друго.

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)

### 2.1 Кредитен ризик (продолжение)

#### 2.1.2 Политики за пресметка на загуба од оштетување/исправка на вредноста

Загубите поради оштетување претставуваат идентификувани загуби на кредитното портфолио на Банката коишто настанале до датумот на изготвување на Билансот на состојба и за кои постојат објективни докази за оштетување. Банката ја врши пресметката на резервацијата за оштетување по извршената класификација на кредитната изложеност во соодветната категорија на ризик.

Класификацијата се врши врз основа на следните критериуми:

- кредитната способност на клиентот;
- уредноста во подмирување на обврските од страна на клиентот, и
- квалитетот на обезбедувањето.

Согласно со политиките на Банката, одредувањето на оштетувањата и резервациите се врши на поединечна основа, сметајќи ги сите изложености како индивидуално значајни.

Резервациите за оштетување на индивидуално оценетите ставки се утврдуваат преку евалвација на генерирана загуба на датумот на изготвување на Билансот на состојба, што претставува разлика меѓу сметководствената вредност и сегашната вредност на проценетите идни парични текови. Ефективната каматна стапка се користи при дисконтирањето на идните парични текови.

Пресметаната резервација за оштетување се движи во следниве рамки:

- од 0% до 5% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик А;
- над 5% до 20% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Б;
- над 20% до 45% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик В;
- над 45% до 70% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Г;
- над 70% до 100% на изложеноста на кредитен ризик класифицирана во категорија на ризик Д.

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2016**

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| I. Сметководствена вредност на изложености за кои е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, пред исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| категорија на ризик А | - | - | 5,157,378 | 4,352,001 | 403 | 403 | - | - | 273,955 | 99,582 | 890 | 586 | 33,306 | 28,723 | 528,395 | 341,119 | 5,994,327 | 4,822,414 |
| категорија на ризик Б | - | - | 31,078 | 37,953 | 152 | 152 | - | - | - | - | 86 | 16 | - | 1 | 3,219 | 20 | 34,535 | 38,142 |
| категорија на ризик В | - | - | 16,373 | 9,402 | - | - | - | - | - | - | 136 | 28 | - | 22 | 46 | 49 | 16,555 | 9,501 |
| категорија на ризик Г | - | - | 5,759 | 5,237 | - | - | - | - | - | - | 245 | 67 | - | 5,158 | 70 | 5 | 6,074 | 10,467 |
| категорија на ризик Д | - | - | 15,649 | 17,665 | - | 7,421 | - | - | - | 1,345 | 570 | 3,133 | 1,068 | 13,299 | 1 | 4 | 17,288 | 42,867 |
| | - | - | 5,226,237 | 4,422,258 | 555 | 7,976 | - | - | 273,955 | 100,927 | 1,927 | 3,830 | 34,374 | 47,203 | 531,731 | 341,197 | 6,068,779 | 4,923,391 |
| (Исправка на вредност и посебна резерва на поединечна основа) | - | - | (32,197) | (32,490) | (15) | (7,436) | - | - | (303) | (1,443) | (834) | (3,130) | (1,155) | (17,112) | (1,447) | (982) | (35,951) | (62,593) |
| **Сметководствена вредност на поединечно значајни изложености, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на поединечна основа** | **-** | **-** | **5,194,040** | **4,389,768** | **540** | **540** | **-** | **-** | **273,652** | **99,484** | **1,093** | **700** | **33,219** | **30,091** | **530,284** | **340,215** | **6,032,828** | **4,860,798** |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

| *во илјади денари* | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| *Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, пред исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа* | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| поединечно незначајни изложености (портфолио на мали кредити) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| поединечно значајни изложености кои не се оштетени на поединечна основа | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| (Исправка на вредноста и посебната резерва на групна основа) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Сметководствена вредност на изложености кои се оценуваат на групна основа, намалена за исправката на вредноста и посебната резерва на групна основа** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2016**

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** |
| *II. Сметководствена вредност на изложености за кои не е издвоена исправка на вредноста/посебна резерва* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Достасани побарувања* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| *Старосна структура на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| до 30 дена | - | - | 53 | 1,571 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 53 | 1,571 |
| *Сметководствена вредност на достасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност* | - | - | 53 | 1,571 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | -- | - | **53** | **1,571** |
| Недостасани побарувања реструктур. побар. останати побар. | - | - | 32,217 | 68,556 | 23,349 | 23,349 | 491,477 | 1,495,147 | 987,281 | 666,701 | - | - | 41,807 | 41,884 | - | 1,040 | 1,576,131 | 2,296,677 |
| *Сметководствена вредност на недостасани побарувања за кои нема издвоено исправка на вредност* | **-** | **-** | 32,217 | 68,556 | 23,349 | 23,349 | 491,477 | 1,495,147 | 987,281 | 666,701 | - | - | 41,807 | 41,884 | - | 1,040 | 1,576,131 | 2,296,677 |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## А. Анализа на вкупната изложеност на кредитен ризик (продолжение)

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик пред исправката на вредност и посебната резерва | - | - | 5,258,507 | 4,492,385 | 23,904 | 31,325 | 491,477 | 1,495,147 | 1,261,236 | 767,628 | 1,927 | 3,830 | 76,181 | 89,087 | 531,731 | 342,237 | 7,644,963 | 7,221,639 |
| (Вкупна исправка на вредност и посебна резерва) | - | - | (32,197) | (32,490) | (15) | (7,436) | - | - | (303) | (1,443) | - (834.) | (3,130) | (1,155) | (17,112) | (1,447) | (982) | (35,951) | (62,593) |
| Вкупна сметководствена вредност на побарувања со кредитен ризик намалена за исправката на вредност и посебната резерва | - | - | 5,226,310 | 4,459,895 | 23,889 | 23,889 | 491,477 | 1,495,147 | 1,260,933 | 766,185 | 1,093 | 700 | 75,026 | 71,975 | 530,284 | 341,255 | 7,609,012 | 7,159,046 |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** |
| *Вредност на обезбедувањето на кредитна изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Првокласни инструменти за обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во Банката | - | - | 74,476 | 67,495 | - | - | - | - | - | - | 41,807 | 41,884 | 5,131 | 144 | 121,414 | 109,523 |
| државни хартии од вредност | - | - | - | 4,257 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 4,257 |
| државни безусловни гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| банкарски гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од физички лица | - | - | - | 4,333,790 | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 203,970 | - | 4,537,760 |
| Залог на недвижен имот | | | - | - | | | | | | | | | | | | |
| имот за сопствена употреба (станови, куќи) | - | - | 4,464,783 | 3,761,694 | - | - | - | - | - | - | 2,474 | - | 69,173 | 43,770 | 4,536,430 | 3,805,464 |
| имот за вршење дејност | - | - | 1,753,426 | 1,705,165 | - | - | - | - | - | - | - | - | 349,709 | 45,457 | 2,103,135 | 1,750,622 |
| Залог на подвижен имот | - | - | 257,814 | 119,567 | - | - | - | - | - | - | - | - | 30,183 | 22,625 | 287,997 | 142,192 |
| Останати видови на обезбедување | - | - | 113,431 | 120,811 | - | - | - | - | - | - | 37 | - | 30,579 | 27,957 | 144,047 | 148,768 |
| **Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност која се оценува за оштетување на поединечна основа** | **-** | **-** | **6,663,930** | **10,112,779** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **-** | **44,318** | **41,884** | **484,775** | **343,923** | **7,193,023** | **10,498,586** |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## Б. Вредност на обезбедувањето (објективна вредност) земена за заштита на кредитниот ризик (продолжение)

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| *Вредност на обезбедувањето на кредитна изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа* | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Првокласни инструменти за обезбедување | | | | | | | | | | | | | | | | |
| парични депозити (во депо и/или ограничени на сметки во Банката | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| државни хартии од вредност | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| државни безусловни гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| банкарски гаранции | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од друштва за осигурување и полиси за осигурување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Корпоративни гаранции (освен банкарски и од друштва за осигурување) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Гаранции од физички лица | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Залог на недвижен имот | | | | | | | | | | | | | | | | |
| имот за сопствена употреба (станови, куќи) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| имот за вршење дејност | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Залог на подвижен имот | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Останати видови на обезбедување | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| **Вкупна вредност на обезбедувањето на кредитната изложеност којашто се оценува за оштетување на групна основа** | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| *Индустриска гранка* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Нерезиденти | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 41,807 | 41,884 | - | - | 41,807 | 41,884 |
| Земјоделство, шумарство и риболов | - | - | 81,791 | 76,640 | - | - | - | - | - | - | 11 | 5 | - | 6 | 9,721 | 18,014 | 91,523 | 94,665 |
| Рударство и вадење камен | - | - | 4,707 | 3,828 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 1 | - | 3,422 | 4,174 | 8,131 | 8,002 |
| Прехранбена индустрија | - | - | 44,819 | 28,132 | - | - | - | - | - | - | 3 | 4 | - | - | 2,048 | 1,734 | 46,870 | 29,870 |
| Текстилна индустрија и производство на облека и обувки | - | - | 3,851 | 1,560 | - | - | - | - | - | - | 7 | 3 | - | - | 6,295 | 199 | 10,153 | 1,762 |
| Хемиска индустрија, производство на градежни материјали, производство и преработка на горива, фармацевтска индустрија | - | - | 39,879 | 25,896 | - | - | - | - | - | - | 3 | 1 | 1 | - | 73 | 920 | 39,956 | 26,817 |
| Производство на метали, машини, алати и опрема | - | - | 3,801 | 4,502 | - | - | - | - | - | - | 3 | 3 | - | 1 | 3,765 | 326 | 7,569 | 4,832 |
| Останата преработувачка индустрија | - | - | 23,091 | 26,068 | - | - | - | - | - | - | 12 | 12 | - | 2 | 2,619 | 1,880 | 25,722 | 27,962 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | - | - | 7,375 | 4,977 | - | - | - | - | - | - | 2 | 2 | 18 | 14 | 1,937 | 1,194 | 9,332 | 6,187 |
| Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината | - | - | 4,903 | 1,710 | - | - | - | - | - | - | 4 | 2 | 26 | 16 | - | - | 4,933 | 1,728 |
| Градежништво | - | - | 343,580 | 230,273 | - | - | - | - | - | - | 47 | 4 | 3,638 | 11,859 | 175,674 | 39,762 | 522,939 | 281,898 |
| Трговија на големо и трговија на мало поправка на моторни возила и мотоцикли | - | - | 323,293 | 352,812 | 137 | 137 | - | - | - | - | 41 | 53 | 67 | 115 | 70,302 | 76,176 | 393,840 | 429,293 |

**БЕЛЕШКИ КОН ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ**
**31 декември 2016**

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## В. Концентрација на кредитниот ризик по сектори и дејности (продолжение)

| *во илјади денари* | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до достасување | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 | тековна година 2016 | претход. година 2015 |
| Транспорт и складирање | - | - | 213,640 | 86,698 | - | - | - | - | - | - | 9 | 10 | 62 | 1 | 80,940 | 53,174 | 294,651 | 139,883 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | - | - | 36,290 | 54,452 | - | - | - | - | - | - | 12 | 8 | - | 1 | 2,855 | 5,790 | 39,157 | 60,251 |
| Информации и комуникации | - | - | 75,048 | 87,180 | - | - | - | - | - | - | 5 | 1 | - | - | 863 | 649 | 75,916 | 87,830 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | - | - | 62 | 4 | 23,752 | 23,752 | - | - | 1,260,933 | 766,185 | 559 | 381 | 14,493 | 13,036 | 87 | 146 | 1,299,886 | 803,504 |
| Дејности во врска со недвижен имот | - | - | 66,802 | 106,535 | - | - | - | - | - | - | 1 | - | 11,056 | - | - | - | 77,859 | 106,535 |
| Стручни, научни и технички дејности | - | - | 21,731 | 16,934 | - | - | - | - | - | - | 84 | 77 | - | 3 | 5,068 | 1,630 | 26,883 | 18,644 |
| Административни и помошни услужни дејности | - | - | 21,660 | 18,000 | - - | | - | - | - | - | 9 | 34 | - | 4 | 2,866 | 2,502 | 24,535 | 20,540 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | - | - | - | - | - | - | 491,477 | 1,495,147 | - | - | - | - | - | - | - | - | 491,477 | 1,495,147 |
| Образование | - | - | 35,362 | 169 | - | - | - | - | - | - | 2 | - | - | - | 9,260 | - | 44,624 | 169 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | - | - | 14,944 | 2,864 | - | - | - | - | - | - | 55 | 55 | - | - | 1,019 | 1 | 16,018 | 2,920 |
| Уметност, забава и рекреација | - | - | 12,988 | 16,958 | - | - | - | - | - | - | 6 | 4 | - | 1 | 299 | 300 | 13,293 | 17,263 |
| Други услужни дејности | - | - | 5,500 | 8,036 | - | - | - | - | - | - | 15 | 10 | 1,704 | 1,713 | 344 | 14 | 7,563 | 9,773 |
| Дејности на домаќинства како работодавачи дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Дејности на екстериторијални организации и тела | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
| Физички лица | - | - | 3,841,193 | 3,305,667 | - | - | - | - | - | - | 202 | 31 | 2,153 | 3,319 | 150,827 | 132,670 | 3,994,375 | 3,441,687 |
| Трговци поединци и физички лица кои не се сметаат за трговци | - | - | | - | | - | | - | | - | | - | | - | | - | - | - |
| **Вкупно** | **-** | **-** | **5,226,310** | **4,459,895** | **23,889** | **23,889** | **491,477** | **1,495,147** | **1,260,933** | **766,185** | **1,093** | **700** | **75,026** | **71,975** | **530,284** | **341,255** | **7,609,012** | **7,159,046** |

## 2. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ (продолжение)
## 2.1 Кредитен ризик (продолжение)
## Г. Концентрација на кредитниот ризик по географска локација

| | Кредити на и побарувања од банки | | Кредити на и побарувања од други комитенти | | Вложувања во финансиски средства расположливи за продажба | | Вложувања во финансиски средства кои се чуваат до доспевање | | Парични средства и парични еквиваленти | | Побарувања за провизии и надомести | | Останати побарувања | | Вонбилансни изложености | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *во илјади денари* | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** | **тековна година 2016** | **претход. година 2015** |
| *Географска локација* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Република Македонија | - | - | 5,226,310 | 4,459,895 | 23,889 | 23,889 | 491,477 | 1,495,147 | 1,090,841 | 609,832 | 1,093 | 700 | 33,219 | 30,091 | 530,284 | 341,255 | 7,397,113 | 6,960,809 |
| Земји-членки на Европска унија | - | - | - | - | - | - | - | - | 170,092 | 156,353 | - | - | 41,807 | 41,884 | - | - | 211,899 | 198,237 |
| Европа (останато) | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - |
